# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА НЕКОНСОЛИДИРАНИ НЕРЕВИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

# ЗА 2023 ГОДИНА

## А. Известување за промени во сметководствените политики и методи на вреднување на ставките во финансиските извештаи

Основните сметководствени политики и методи на вреднување користени при составување на финансиските извештаи за 2023 година се непроменети и се конзистентни со оние применети при составувањето на финансиските извештаи за 2022 година.

## Б. Коментар на остварените приходи

Во периодот од 01.01-31.12.2023 година Друштвото оствари позитивен финансиски резултат во бруто износ од 66.890 илјади денари наспроти загубата во 2022 година во износ од 2.567 илјади денари. Ова зголемување во најголема мера се должи на Договор за купопродажба на недвижен имот склучен на ден 20.06.2023година помеѓу ИНТЕРПРОМЕТ А.Д и Друштво за видеопродукција,маркетинг и услуги ЛГРОУП дооел Тетово. Приходите од дејноста за 2023 година изнесуваат 15.078 илјади денари од основна дејност (остварени приходи од закупнини) , останатите оперативни приходи изнесуваат 69.943 илјади денари,(од кои 69.929 илјади денари се приходи од продажба на недвижности) додека во 2022 година приходите од основната дејност биле 22.133 илјади денари, односно 43 илјади денари останати приходи.

## В. Коментар на остварените расходи

Во периодот од 01.01-31.12.2023 година Друштвото оствари расходи во износ од 18.131 илјади денари кои се за 6.672 илјади помали од расходите во 2022 година кога биле 24.803 илјади денари. Намалувањето на расходите се должи на намалени расходи за потрошени материјали и нематеријални трошоци, како и намалени трошоци за вредносно усогласување,намалени број на вработени и останати трошоци од работењето од редовни активности.

## Г. Исплатени дивиденди

Дивиденда не е исплаќана во текот на 2023 година, како ниту во претходните години од причина што друштвото има непокриени загуби од претходните години.

## Д. Вложувања и продажби на материјални средства

ИНТЕРПРОМЕТ А.Д Теттово на ден 20.06.2023 година склучи купопродажен договор со Друштвото за видеопродукција,маркетинги услуги ЛГРОУП дооел за недвижен имот (стоковна куќа Центар) и истиот е реализиран Договорните страни ја утврдија купопродажната цена за недвижниот мот кој е предмет на купопродажба во смисла на

одредбите од договорот на вкупен износ од 1.600.000 ЕУР.+18% ДДВ,во денарска противвредност според средниот курс на НРСМ на денот на уплатата.Менаџменот на друштвото ја донесе оваа одлука со цел намалување на загубата од минали години.Други познаќајни вложувња се инвестиција од 15.400 иљади денари заинвентори на фотонапонска централа и панели.

**Ѓ. Промени во кредитните задолжувања**

Друштвото во текот на 2023 година не е задолжено по основ на кредити спрема деловни банки.

**Е. План и очекувања за претстојниот период**

Друштвото досегашното свое работење го извршуваше во согласност со своите утврдени стратешки цели и деловната политика со цел унапредување и постигање на подобри резултати во своето работење.
Со оглед на тоа дека основна дејност на друштвото е издавање под наем на деловен простор со кој располага, во идниот период активностите ќе бидат насочени кон наоѓање на соодветни закупци и можност за издавање на целокупниот простор со кој друштвото располага.
Очекувањата на менаџментот за наредната година се зголемување на приходите од основната дејност, како и рационализација на остварените трошоци. Ова е поткрепено и со фактот што друштвото поседува недвижности во најатрактивните централни подрачја во градот за кои секогаш има побарувачка.
Друштвото цени дека овие цели и планови се остварливи и друштвото ќе може да продолжи со позитивни финансиски резултати во идните периоди.

ИНТЕРПРОМЕТ АД ТЕТОВО

__Лира Муареми__